## 12.1. 3. Потомците на Глигорие Поп Спиров Онуфриевски ( 53) , Лешок



( Глигорие Спиров Онуфриевски )
( Gligorie Spirov Onufrievski )

Потомците на Глигорие Онуфриевски (поп Ѓиго) Лешаните ги ословуваа со поп Спироој, Попоски, Спироој, Попооj, потоа во директно обраќање на некого (Иван Попе, Крсто(Кељо) Поп ) велат Поп или Попе, а често ги ословуваат и со поп Ѓигоој или само Ѓигоој. Интересно е дека сум слушал и ословувања: Ѓоков, Божинов, Тодороа, Милев, Делкоа и др., но, тоа немаше асоцијација дека се работи за посебна фамилија, туку, за истакнување од кого се нивните деца и внуци.

Глигорие Онуфриевски (53) е најстар од петте сина на поп Спиро и Менуша Онуфриевски ( Глигорие, Трпо, Андро, Никче и Драган). Драган е роден 1906 година и умира на две години. Напоменувам дека во 2008 година дознав од Кондуит листата на Спиро Онуфриевски, која ми ја даде протојереј ставрофор Мирко Станковски и затоа Драган не е внесен во Табелите, кои веќе ми беа направени ( извор: ред. бр. 150).

Глигорие Онуфриевски е роден во Лешок, но, годината кога точно е роден не се знае со сигурност. Од страна на фамилијата и синот Миле Спироски велат дека поп Ѓиго е роден 1880 година и оваа година е исклесана на споменикот. Во текстот на Часописот Црква и живот бр.3 и 4 од 1926 година ( стр. 98) е запишано: “ *У овој неӣроштенској ӣарохији свешѿеник је Глиѓорија Сӣириќ, који је роѓен у селу Лешку 1880. ѓод. 6 јануара, а рукоӣоложен за свешѿеника 6-XII-1911. ѓод. од буѓарскоѓ еӣискоӣа Неофиѿа.”* (извор: ред. бр. 41).

Ако се погледнат подетално Кондуит листата на Спиро Онуфриевски и на Глигорие Онуфриевски ( Извор: ред. бр. 150 и 151) , потоа нивните Изводи на родени, венчани и умрени, кои се прилог во книгата, како и нивните гробови, за кое имам посебен текст во книгата ( Види: 7.2 - Локации на гробовите на претците на родот Лалошои односно Главинои од Лешок) , ќе се види дека не е точно дека 1880 година е роден Глигорие Онуфриевски. Имено, во Кондуит листата на Спиро Онуфриевски е запишано дека стапил во брак на 10 Јануари 1882 година, а дека е ракоположен во ѓакон 24 април 1894 година, а унапреден е во свештеник наредниот ден односно на 25 април 1894 година од епископот Максим. Потоа, во Кондуит листата на Спиро,

пишува дека имал 5 деца од кои најстар бил Глигорие, кој е роден 6 јануари 1883 година ( по стар календар), значи една година по стапување во брак на Спиро со Менуша, што е најлогично. Името му е дадено по светецот Св. Григориј кој се слави во Декември ( мислам 6 декември секоја година.

Значи, поп Ѓиго е роден 1883 година и умира 1970 година, односно живеел 87 години.

Глигорие Онуфриевски завршил основно училиште во 1898 година во Лешок и една година Гимназија во Тетово.

Според Кондуит листата Глигорие Онуфриевски е ракоположен во чин ѓакон на 6 декември 1911 година, од бугарскиот епископот Неофит, а за свештеник е ракоположен наредниот ден 7 декември 1911 година.

Дедо Ѓиго беше тенок и висок, стабилен и сериозен човек. Покрај свештеничкиот позив, во слободно време се занимава со земјоделие. Беше доволно школуван и чита книги со свештеничка содржина. Пред да се запопи, бил неколку години на гурбет во Влашко и го научил влашкиот јазик, а го знаел и старословенскиот и српскиот јазик. Многу е ревносен и посветен на свештеничкиот позив. Дедо Ѓиго, не влегуваше во полемики и расправии со луѓето, туку, со смирен, тивок и благ збор им зборуваше на луѓето, па, дури и за најтешките расправии.

Јас, евидентирав и обработив 93 потомци на дедо Ѓиго, кои се искажани во Табела бр. 10, а други податоци имам внесено и во другите табели ( види: Табела бр. 1, 2, 3, 4, 5, 7, 8, 9, 11, 13, 15, 17, 26, 27, 28 и 29 ).

Глигорие Онуфриевски(53) стапил во брак со Доста на 5 /18 јуни 1903 година и имаат 5 деца: Ѓоко(153), Тодор(154), Божин(155), Миле(156) и Бога(157).

Ѓоко Спироски(153) е роден во Лешок во 1906 година, се сели во Ѓорче Петров и таму умира во 1969 година. Гоко основно училиште учи во Лешок, се запишува на богословско училиште во Битола и завршил 2 класа, а третиот го прекинува бидејќи бил многу болен од ТБЦ и така не ја продолжува поповската традиција на татко му Ѓиго. Откажувањето од Богословија, најверојатно било и некаква реакција на наметнатите ставовии желби од поп Ѓиго. Ѓоко бил јака личност, праведна, правична и принципиелна и не дозволувал да му се наметнуваат неправични и неправедни работи, па, дури и од неговиот татко, кој бил исто така многу строг и држел до некои свои и црковни правила и принципи.

Ѓоко(153) се оженил со Милица Јосифовска од Отуње имаат две деца: Вера(416) и Делко(417).

Вера Спироска (416) родена 1939 во Ѓ. Петров, завршува гимназија, живее во Ѓ. Петров, работи во МЗТ Скопје. Вера Стојковска се мажи за Борко Стојковски од с. Бајаловце, Куманово, кој работи во ГП Маврово-сектор за странство и имаат два сина: Марјан и Горан. Марјан Стојковски има машински факултет, работи во ФАМ Скопје, се жени за Лилјана Анакиевска од Ранковце, Куманово, ел. инжењер-информатика, се селат во Huntigton, Илиноис-Емаил: milniko@hotmail.com , работаат во Мак Системи,Чикаго-програмирање и имаат син Никола. Горан Стојковски, живее во Ѓ. Петров, завршил ел. машински факултет-Комуникации и работи во Пивара Скопје, оженет е за Слободанка Цветковска од Скопје и имаат син Борис.

Делко Глигоровски(417) роден во Лешок, 1930 год. , живее во Ѓ. Петров, завршил на ПМФ-математика е проф. во ОУ Мирче Ацев, Скопје. Делко се оженил со Љубица Савевска од Копањце, правник во МФ-Управа за имотно правни работи и имаат ќерка Марина Глигоровска. Делко почина во 2001 година на 71 години. Марина Стаматовска завршува право и работи во МФ-Имотно правни работи, Скопје, се мажи за Никола Стаматовски од Скопје, кој е правник во Мегународна федерација на црвен крст, Скопје и имаат две ќерки: Симона и Ивона.

Тодор Поповски (154) е роден во Лешок 1909 г. каде завршил основно училиште, а починува 1979 год. Тодор работел како угостител во Кралевата гарда во Белград и после во Ресторантот во ОХИС, Скопје.

Тодор се оженил со Борка Петрушева од Непроштено и имаат три ќерки: Олга( 418), Бранка(4190 и Вида(420).

Олга Поповска(418) е родена 1934 год. во Скопје, завршила фил. Факултет-Книжевност и работи во Средно ек. училиште Моша Пијаде и Арсениј Јовков, Скопје. Олга Минчева се омажува за Кирил Минчев од Кавадрци, проф. на Медицински Факултет во Скопје и имаат син Емил и ќерка Росица. Емил Минчев е Архитект и работи во ПП Трем Дизајн, Скопје- Проектирање, женет е со Биљана Чакар од Струга, која е архитект и имаат ќерка Ивона и син Матеј. Емил Минчев живее во куќа во населба Ченто, сме се чуле и разменивме Емаил пораки : e_mincev@t-home.mk и требаше да ми испрати некоја фотографија. Росица Минчева е архитект, работи во ПП ДЦС-Градежништво и дизајн, Скопје . Росица Трајчевска е мажена за Жарко Трајчевски, шум. Факултет кој работи во ПП Трем Дизајн, Скопје имаат син Андреј Трајчевски, студент на ел. машински факултет.



(Олга Минчева и Вера Стојковска, внуки на поп Ѓиго Онуфриевски од родот Лалошои од Лешок, присатни на Основачко собрание на Здружението ЛЕШОК)
(Olga Minceva and Vera Stojkovska, priest Gigo Onufrievski's granddaughters of the kin Lalosoi - Lesok, attendants of Constitucional assembly of the Association LESOK)

Бранка Поповска (419) завршува Градежен факултет и работи во Македонија пат, Скопје. Бранка Урдаревиќ се мажи за Живко Урдаревиќ и имаат две ќерки: Наташа и Маја. Наташа Урдаревиќ, завршува фил. факултет-македонски јазик, работи во приватана фирма, се мажи за Горан Гавровски од Челопек, Тетово, кој

работи во Аеродром Скопје-Контрола на летање. Маја Урдаревиќ, завршува фил. Факултет-турски јазик и работи во Турска амбасада, се мажи за Дарко Димитров, композитор и сопственик во М-2 –Продукција, Скопје, е син на композиторот Славе Димитров од Битола. Маја Димитрова и Дарко Димитров имаат ќерка Лара.

Вида Поповска(420) завршила правен факултет, се мажи за адвокатот Цакиќ во Лесковац и работи во Јавно обвинителство, Лесковац. Вида Цакиќ имаат две ќерки: Весна и Соња. Весна Цакиќ завршува фил. факултет-англиски јазик, мажена и има син-Вуковец, најдобар во генерација и Соња Цакиќ, правник, работи во Лесковац, мажена и има едно дете во средна школа. Вида е потпретседател на Здружението на македонската националност во Лесковац и е многу активна за негување на врските со Македонија.

Божин Спироски(155), е роден во Лешок, 1916 год. и тука завршил основно училиште. Се оженил за Цона Василевска од Биолооj од Брезно и имаат 4 деца: Душан(421), Јованка(422), Мирко(423) и Донка(424).

Божин, бил многу правична и принципиелна личност. Многу пати се судрува со строгите норми кои ги наметнувал поп Ѓиго, па, таа негова реакција ја искажал и на отворањето на тестаментот на поп Ѓиго, кога му доделил само една нива под Срански дол и Морска врба, во Рашче, која била со наноси од камења и песок и немала некоја вредност и тоа го сметал како навреда на личноста. Така, чичко Божин се откажал од наследството кое му било препишано со тестаментот од татко му Ѓиго и останува без никаква нива во Лешок. Но, желбата за Лешок на Божин не престанала и во 70-те години бара од Месната заедница во Лешок селско-општествено место да му додели и доделено му е место во Јанеско, каде и изградува викенд куќа во која до денеска доѓаат синовите Душан и Мирко Спироски и сестрата Јованка со внуците.

Како реакција на неправичните делби, комуникациите на синовите на поп Ѓиго се минимизирани, а би рекол меѓу некои и со децении прекинати, така, што накои од внуците на поп Ѓиго за прв пат се сретнаа на изборното Собрание на Здружението Лешок, кое го одржавме на 21.11.2002 година во Собранието на град Скопје. Ете, такви трагични последици носат неправичните и непринципиелни делби.



( Мирко Б. Спироски, внук на поп Ѓиго Онуфриевски и Ацо Ацовски, внук на Атанас поп Ончев Симоновски од Лешок, присатни на Основачкото собрание на Здружението ЛЕШОК)
( Mirko B. Spiroski,grandson of priest Gigo Onufrievski and Aco Acovski, Atanas pop Oncev Simonovski’s grandson, attendants of the Constitucional assemblay of the Association LESOK)

Душан Спироски(421) е роден 1939 год во Лешок, завршено има средно техничко, оженет е за Павлина Андоновска од Битола, која работи како економист во ГРО Илинден Скопје. Душан и Павлина имаат син Давид и ќерка Биљана. Давид има ел. машински Факултет и работи во Приватна фирма, оженет е со Ана Митковска од Скопје. Биљана е мажена за Александар Трпевски од Скопје и имаат три деца: Филип, Бојан и Александра. Голема благодарност на Душан и Мирко Спироски што ми дадоа фотографии и податоци за потомците на Божин и Ѓиго.

Јованка Глигорова(422) родена е во Лешок 1941 год., работи како мед. сестра во Болница Бардовци. Јованка Најденовска е мажена за Трпе Најденовски од Ѓ. Петров и имаат три деца: Силвана, Искра и Маја. Силвана Најденовска е мажена за Љупчо Тодоровски од Скопје и имаат син Кристијан. Искра Најденовска е мажена за Мице Димитровски и имат син Антонио и ќерка Емилија. Маја Најденовска е мажена за Ѓорѓи Ивановски од Скопје и живеат во Ѓорче Петров.

Мирко Спировски( 423) е роден во Лешок 1946 год., завршил ел. машински факултет и работи во Македонски железници, Скопје. Мирко е женет со Грозда Мировска од Скопје и имаат три сина: Божидар, Бојан и Горан. Божидар Спироски има ел. машински факултет-Програмирање и работи во приватна фирма, се ожени 2005 год., Бојан Спироски има фил. факултет-англиски и италијански јазик и работи во Фершпед. Скопје и Горан Спироски има ек. факултет и работи во Германос, Скопје. Мирко Спироски беше активен член на Здружението Лешок и беше член на Собранието и претседател на комисијата за маркетинг.



( Миле поп Ѓигов Спироски, син на Глигорие Онуфриевски од Лешок)
( Mile pop Gigov Spiroski, Gligorie Onufrievski’s son-Lesok)

Донка Спироска( 424) е роден 1952 во Скопје, мажена е за Филип Радоешки и двајцата имаат арх. Градежен факултет и двајцата работат како проектанти во Проектно биро на Гранит Скопје. Донака и Филип Радоешки имаат два сина: Александар и Мартин. Александар Радоешки е студент на мед. Факултет, а Мартин Радоешки, студент на архитектонски факултет. Александар Радоешки и мојот син Огнен Спироски заедно учеа во Гимназија Раде Ј. Корчагин и се знаат.

Миле Спироски(156) е роден 1920 во Лешок и живее во Лешок. Работи како пекар во Сараево и во Жито Лукс, Скопје. Миле Спироски(156) со првата жена која млада умира по име Милана, ќерка на Неделко од Ѓолакооj од Лешок има син Ратко (425) и со втората жена Бора ги има синовите Иван(426) и Крсто(427). Голема заслуга и благодарност на аџо Миле што ми позајми неколку фотографии од Дедо Ѓиго.

Ратко Глигоровски(425) роден е 1941 год. во Лешок, умре 2008 година. Ратко беше правник и работеше во ЗИК Тетово и ЗИК Борец Лешок како директор. Ратко како директор имаше шанса да го откупи ЗИК Борец од Лешок за евтини пари и да стане најголем газда во Долни Полог,но, внукот на поп Ѓиго и правнук на поп Спиро, тоа, не знаеше да го искористи и им даде други да станат газди, а тој се задоволи да се поврзе со лекари -кардиолози да му издејствуваат пензија. Ратко со првата жена Убавка, која млада почина има два сина: Горан и Зоран. Горан Глигоровски има средно земјоделско училиште, оженет е за Виолета и Зоран има виша геодетска школа, работи во Водостопанство и приватна градежна фирма.

Иван Спироски (426) е роден 1948 г во Лешок, заврши средно ек. училиште и работи во Земјоделско уч. Моша Пијаде во Тетово. Иван со жената Спасија имаат син Далибор и ќерка Борка. Борка има више мед. школа, а работи во продавница Соломон, Тетово. Виолета се мажи за синот на Трајче Стојановски, со кого заедно учевме во Лешок, на кој татко му Андон беше милиционер во Теарце и во Лешок живееја, во зградата на Општината. Иван Спировски Попе долги години е во раководството и тренер на Одбојкарскиот клуб Лешок од Лешок заедно со Никола Ристовски Куци од Лешок и имаат голем придонес за успехот на клубот, заедно со многу други Лешани.

Крсто Спироски (427) е роден во Лешок во 1951 год, живее во Ѓорче Петров, а работеше во Техно Гас, со сопругата Милена, работи во аптека, имаат две ќерки: Даниела и Крстана. Даниела Спировска работи во Златен Клас, во Скопје, а Крстана е мажена за Игор Стојановски од Вратница.

Бога Онуфриевска (157) родена во Лешок 1913 година, мажена за Стамат Божиновски од Коачооj од Лешок, имаат 4 деца: Павле(428), Јагода(429), Љуба(430) и Борка(431).

Павле Божиновски(428) е роден 1942 г. во Лешок, работи во Југохром, оженет е за Фролика (138) од Сиричино на која тако е Тоде(39), а баба и е Трпка(10), кои имаат потекло од родот Котлинци од Јанчиште кои се искажани во Табела бр. 20 (види: табела бр. 20, 20-а, 20-б, и 2-в). Павле има син Синиша и ќерка Светлана. Светлана, работио во Тетекс, мажена е за Васко Стефановски од Требош, возач во Петрол Компани и имаат три деца: Викторија, Мартина и Бобана. Синиша Божиновски, живее во Лешок и оженет е за Верче Атанасовска, мед. сестра и работи во Медицинска Пластика, Тетово, е ќерка на Иван Атанасовски Скаља од родот Гркооj од Лешок.

Јагода Божиновска(429) родена во Лешок 1934 г., работеше на правен факултет, мажена е за Ќирко Кировски од Кокооj од Лешок, кој млад починува, имаат син Живко и ќерка Виолета. Живко Кировски, средно економско во ПП ДЕН-ДАР

Скопје е оженет за Виолета Наумовска, мед. Сестра во Мед. Центар во Ѓ. Петров и имаат два сина: Давор и Денис. Виолета Насковиќ има виша ек. школа и работи во ОХИС и мажена е за Среќко Насковиќ од Табановце, Куманово

Љуба Божиновска(430) е родена во Лешок, мажена е за Ратко Здравевски од Долно Маало од Лешок, брат на Трнина , имаат две деца: Данчо и Сашко. Данчо Николовски е адвокат, оженет е за Светлана од Скопје, која работи во УРО ТУР Скопје и имаат две ќерки: Маја, студент на правен факултет и Елена, средна ек. школа.

Борка Ѓорѓевска (431) родена 1939 г.. мажена е за Среќко Мичевски, столар во ШИК Јелак, Тетово, имаат две ќерки: Мира и Славица и син Ванчо. Мира Лазрова е мед. сестра во Мед. Центар Тетово, мажена за Санде Лазаров од Виница, работи во МВР-Тетово и имаат ќерка Александра и син Бојан. Славица Серафимовска, работи во Собрание на општина Тетово и мажена е за Борче Серафимовски од Непроштено и имаат ќерка Јованка. Ванчо Мичевски, работи во Јелак Тетово, оженет е за Сузана од Врбас, Србија, која работи во Марели Трејд Тетово и имаат ќерка Борислава и син Стефан.



( Фотографија од Кондуит листата на свештеникот Глигорие Онуфриевски, 1883-1970 )
( Photo of the Konduit list of the priest Gligorie Onufrievski, 1883-1970 )




(Гранката на Глигорие Онуфриевски, од фамилијата Спироски и родот Лалошои од Лешок )
(Family tree of Gligorie Onufrievski of family Spiroski and the kin Lalosoi - Lesok )

Една слика Куќа, гроб и некоплку слики лица и свадби и носии и денеска????



(Ѓоко поп Ѓигов Поповски со сопругата, мајка му и браќата Божин и Миле )
(Goko pop Gigov Popovski with his wife,mother and brothers Bozin and Mile )



(Ѓоко поп Ѓигов Поповски и сопругата Милица од Отуње со синот Делко Глогоровски)
(Goko pop Gigov Popovski and his wife Milica - Otunje with the son Delko Glogorovski)



( Делко Ѓоков Глогровски, проф. математика и физика во Гимназија Кочо Рацин во Ѓорче Петров)
( Delko Gokov Glogrovski, teacher of mathematics and physics at the Gymnasium Koco Racin in Gorce Petrov)



( Спироски Милев Иван, тренер и организатор на Одбојкарскиот клуб Лешок од Лешок )
( Spiroski Milev Ivan, trainer and leader of the Volleyball club Lesok from Lesok )



( Братучедот Крсто (Кељо) Милев Спироски од Лешок)
( The cousin Krsto (Keljo) Milev Spiroski - Lesok)



(Седница на Собрание на Здружението ЛЕШОК, лево,Мирко Божинов Спироски, внук на поп Ѓиго од Лешок, поп Мирко Станковски од Теарце, и др.)
(Meeting of the Assembly of the Association LESOK, on the left, Mirko Bozinov Spiroski, priest Gigo's grandson - Lesok, priest Mirko Stankovski – Tearce etc.)




( Фото:Митко Спироски,Лешок, 22.11.2009, Стар Манастир, Дабова шума во есен )
( photo:Mitko Spiroski,Lesok, 22.11.2009, Old Monastiry, Forest of oak, in autumn )